# СОСТОЈБА СО ГРИП ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СЕЗОНА 2023/2024 (10-та недела, до 10.03.2024)

## *Неделни податоци (рутински надзор над грип/ИЛИ)*

Во текот на **<u>10-та недела</u>** од 2024 година (04-10.03.2024), во Република Северна Македонија се пријавени **427 (I=23,3/100.000)** случаи на групни пријави за заболени од грип/заболувања слични на грип (ИЛИ), 33,4% помалку во споредба со претходната недела (n=641).

Бројот на пријавени лица оваа недела споредено со 10-та недела од минатата сезона (n=464) е намален за 8,0%, а во споредба со бројот за 10-та недела од типичната епидемиска крива (моделирана од последните 13 сезони) (n=1.376), намален е за 69,0% *(Графикон 1)*.

Во текот на 10-та извештајна недела, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ, пристигнаа 29 материјали од <u>рутинскиот надзор</u> за лабораториско тестирање, паралелно тестирани за грип и КОВИД-19 (SARS-CoV-2). Притоа, детектиран е еден позитивен случај на Influenza B/Victoria. Регистрирани се два пациенти со SARS-CoV-2.

Пријавената инциденца е под неделната граница на сезонската активност на вирусот на грип (I=30,06/100.000), во рамките на вон-сезонска активност *(Графикон 1)*.

***<u>Графикон 1.</u>*** *Нивоа на интензитет и неделна дистрибуција на заболените од грип/заболувања слични на грип според очекувана епидемиска крива 2010-2023, сезона 2022/2023 и сезона 2023/2024*



Во однос на возрасната дистрибуција, 282 лица се на возраст од 15-64 години, 83 кај деца на возраст од 5-14 години, 35 кај деца на возраст од 0-4 години и 27 се регистрирани кај лица на возраст над 65 години. Највисока инциденца (38,6/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 5-14 години.

Заболените се пријавени од 19 ЦЈЗ/ПЕ, со најголем број на пријавени случаи во Кавадарци – 71, Скопје – 69, Гостивар – 67, Струмица - 61, а во останатите бројот на пријавени е ≤50.

Во 12 извештајни единици кои пријавија случаи во текот на оваа недела се регистрира многу ниска, во 6 сезонска и во 1 (Кавадарци) – средна активност на вирусот на грип *(Картограм 1)*.

***<u>Картограм 1.</u>*** *Ниво на активност на грип според инциденца на 100.000 жители, 10 недела 2024*




Во текот на оваа недела, регистриран е еден смртен случај асоциран со грип. Се работи за лице на возраст над 65 години од Штип, хоспитализиран УК за Инфективни болести и фебрилни состојби Лицето не е вакцинирано и без регистрирани коморбидитети. Кај починато лице докажан е вирусот на Influenza A(H1)pdm09.

## **<u>КУМУЛАТИВНИ ПОДАТОЦИ</u>** ***(рутински надзор над грип/ИЛИ)***

## 1. <u>ЕПИДЕМИОЛОШКИ НАДЗОР</u>

Во сезоната 2023/2024 вкупниот број на случаи на грип/заболувања слични на грип изнесува 13.809 (I=751,8/100.000).

Во споредба со истиот период од <u>минатата сезона</u> (n=9.324), бројот на пријавени случаи е зголемен за 48,1%, а во однос на <u>моделот од последните 13 сезони</u> (n=19.066) има намалување од 27,6%.

Кумулативно, заболените се пријавени од сите 31 ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број на заболени лица (n=1.854) се регистрирани на територијата на ЦЈЗ Скопје, додека највисока кумулативна инциденца (6.774,0/100.000) е регистрирана на територијата на ПЕ Дебар. *(Графикон 2, Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 2</u>.*** *Дистрибуција по ЦЈЗ/ПЕ и инциденца на 100.000 жители, сезона 2023/2024*




Во однос на <u>дистрибуцијата на заболените по возрасни групи</u>, најголем број на заболени се пријавени во возрасната група која опфаќа најголем дел од населението (од 15-64 години) – 8.025 случаи (58,1%), а највисока инциденца (1.774,7/100.000) се регистрира кај децата на возраст од 0-4 години (n=1.713). *(Графикон 3, Табела 1 во Прилог)*

***<u>Графикон 3</u>.*** *Дистрибуција по возрасни групи и инциденца на 100.000 жители, сезона 2023/2024*



Дистрибуција на случаите од сезонски грип/ заболувања слични на грип по месеци *(Графикон 4, Табела 1 во Прилог)*:

- октомври – 196 случаи или 1,4%
- ноември – 268 случаи или 1,9%
- декември – 829 случаи или 6,0%
- јануари – 5.716 случаи или 41,4%
- февруари – 6.373 случаи или 46,2%
- март – 427 случаи или 3,1%

***Графикон 4.*** *Дистрибуција по месеци, сезона 2023/2024*




Во досегашниот тек на сезоната на грип, регистрирани се 14 починати лица асоцирани со грип, 7 од Скопје, 2 од Штип и по едно лице од Велес, Куманово, Неготино, Гостивар и Демир Хисар, седум од возрасната група на лица 15-64 години и седум од возрасната група на лица над 65 години, сите хоспитализирани, 12 со коморбидитети и сите невакцинирани против сезонски грип. Кај единаесет лица е докажан Influenza A(H1)pdm09, кај две - Influenza A – несубтипизиран и кај еден случај е докажан Influenza B/Victoria.

## 2. ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР *(рутински надзор)*

Од почетокот на сезоната 2023/2024, заклучно со 10-та недела/2024, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 888 материјали од здравствените установи - од амбулантски и болнички лекувани пациенти за тестирање за присуство на вирусот на грип, од рутинскиот надзор. Сите пристигнати материјали се тестирани за присуство на инфлуенца вирус и SARS-CoV-2.

Детектиран е 141 позитивен случај на грип: 118 Influenza A(H1)pdm09, 12 Influenza A(H3), 9 Influenza A – несубтипизиран, 1 Influenza B/Victoria и 1 Influenza B – неодредена линија.

Регистрирани се 20 позитивни случаи на SARS-CoV-2.
Од случаите со Influenza и КОВИД-19, кај три случаи од рутинскиот надзор е докажана истовремена инфекција.
Дополнително, регистрирани се 29 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV).

## СЕНТИНЕЛ НАДЗОР НАД САРИ (Сериозни Акутни Респираторни Инфекции)

Сентинел надзорот се спроведува како дополнување на редовниот систем за надзор над грип и КОВИД-19 во Р. С. Македонија, со цел да се добијат подетални информации во однос на инциденца, интензитет, тип на вируси кои циркулираат и за имплементација на навремени превентивни мерки. Сентинел САРИ надзорот се спроведува во 6 надзорни болници, 5 во Скопје (УК за Инфективни болести и фебрилни состојби, УК за Детски болести, УК за Пулмологија и алергологија, ГОБ 8-ми Септември и УК за респираторни заболувања кај деца - Козле) и една во Штип (КБ Штип). Дефиницијата за случај на САРИ според која се спроведува надзорот е усогласена со дефиницијата на случај на СЗО од 2014 година.

Од сентинел местата кои учествуваат, во 10-та недела пријавени се вкупно 23 САРИ случаи. Најголем број на САРИ случаи (n=8; 34,8%), се пријавени од УК за Инфективни болести и фебрилни состојби. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи по (n=7; 30,4%) се пријавени од возрасните групи од 5-14 и од 15-29 години.

Во оваа недела, вкупен број на приеми во сентинел местата е 165, од кои едно лице е на интензивна нега. Од сите приеми, 13,9% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување од 50,0% се бележи кај возрасната група од 15-29 години.
Во 10-та недела, за лабораториско тестирање е доставен 21 материјал од пријавените САРИ случаи, паралелно тестирани за грип, КОВИД-19. Од вкупно тестираните материјали (n=21), во по еден примерок е докажан е Influenza A(H1)pdm09, Influenza A(H3) и Influenza B – неодредена линија, а во 4 примероци - Influenza B/Victoria. Во еден примерок е докажан е SARS-CoV-2. Тестирани се 13 материјали на респираторен синцицијален вирус, и истите се негативни.
Оваа недела пријавен е еден смртен случај од УК за Инфективни болести и фебрилни состојби. Починатото лице е од возрасната група над 65 години. Кај починато лице докажан е вирусот на Influenza A(H1)pdm09. Коморбидитети не биле присутни кај починатото лице.

Кумулативно, пријавени се 957 САРИ случаи. Најголем број на САРИ случаи (n=312; 32,6%) се пријавени од надзорното место УК за Детски болести. Во однос на возрасната дистрибуција, најголем број на САРИ случаи (n=431; 45,0%) се пријавени од возрасната група од 0-4 години.
Кумулативно, вкупен број на приеми во сентинел местата е 4.541 од кои 48 лица се пријавени на интензивна нега. Од сите приеми, 21,1% се должат на САРИ. Најголемо оптоварување од 40,3% се бележи кај возрасната група - лица над 65 години.

Вкупно регистрирани се 14 смртни случаи пријавени од САРИ местата: 5 лица од УК за Инфективни болести и фебрилни состојби, 4 лица од ГОБ 8-ми Септември, 3 од УК за Пулмологија и алергологија и 2 од КБ Штип. Починатите лица се од возрасната група од 30-64 години (n=8) и возрасната група – лица над 65 години (n=6). Кај девет од починатите лица докажано е присуство на Influenza A(H1)pdm09 и кај едно лице Influenza B/Victoria. SARS-CoV-2 е докажан само кај едно починато лице.
Кумулативно, за лабораториско тестирање доставени се 560 материјали од пријавените САРИ случаи. Во 79 примероци е докажана Influenza A(H1)pdm09, во 18 Influenza A(H3), во 8 Influenza B/Victoria, во 4 Influenza A – несубтипизиран и во два примероци Influenza B – неодредена линија. Регистрирани се 35 позитивни случаи на SARS-CoV-2.

Од САРИ примероците, 408 се тестирани за респираторен синцицијален вирус (RSV), од кои 115 се позитивни. Во 5 примероци е докажан Adenovirus, а во еден Enterovirus. Во 2 примероци се докажани истовремено присуство на респираторен синцицијален вирус (RSV) и Adenovirus. Во три примероци е докажано истовремено присуство на Influenza A(H1)pdm09 и SARS-CoV-2.

## ВИРУСОЛОШКИ НАДЗОР (рутински+САРИ надзор) - Кумулативни збирни податоци

Од почетокот на сезоната 2023/2024, заклучно со 10-та недела/2024, во вирусолошката лабораторија на ИЈЗ РСМ пристигнати се 1.450 материјали од рутинскиот и сентинел САРИ надзорот. Сите пристигнати материјали се тестирани за присуство на инфлуенца вирус и SARS-CoV-2.

Детектирани се 252 позитивни случаи на грип:

- **Influenza A – 240 (95,2%)**
    - Influenza A(H1)pdm09 – 197 (82,1%)
    - Influenza A(H3) – 30 (12,5%)
    - Influenza A – несубтипизиран - 13 (5,4%)
- **Influenza B – 12 (4,8%)**
    - Influenza B/Victoria – 9 (75,0%)
    - Influenza B – неодредена линија – 3 (25,0%)

Регистрирани се 55 позитивни случаи на SARS-CoV-2.
Од случаите со Influenza и КОВИД-19, кај 6 случаи е докажана истовремена инфекција (“flurona”).
Дополнително, регистрирани се 144 позитивни случаи на респираторен синцицијален вирус (RSV) и 13 други респираторни вируси.

***Графикон 5.*** *Неделна дистрибуција на број и процент на позитивни примероци на грип, рутински и сентинел надзор, Р.С. Македонија, 2023/2024*



## ЕПИДЕМИОЛОШКИ КОМЕНТАР

**Се забележува значително намалување на бројот на заболувања слични на грип, кој е во рамките на вон-сезонска активност. Резултатите добиени од вирусолошкиот надзор над инфлуенца покажуваат дека има регионална распространетост на вирусот на грип, а процентот на позитивност е над границата од 10%. Според податоците од САРИ надзорот, бројот на хоспитализации е намален споредено со претходниот период.**
**Согласно податоците од рутинскиот и САРИ надзорот, Р.С. Македонија има регионална географска распространетост и низок интензитет на активноста на вирусот на грип.**

## ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП

Вакцинацијата против сезонски грип е најефикасна заштита од ова заболување. Институтот за јавно здравје препорачува вакцинација на целото население, особено на лица кои припаѓаат на т.н. ризични групи (согласно препораките на СЗО):

- Постарите лица (над 65 години)
- Деца на возраст од 6-59 месеци
- Лица постари од 6 месеци со хронични болести
- Бремени жени, и
- Здравствени работници.

- За сезоната 2023/2024, Министерството за здравство обезбеди бесплатна четиривалентна вакцина во вкупна количина од 60.000 дози, наменета за приоритетни групи население. Дополнителни 15.000 дози на четиривалентна вакцина се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for Influenza Vaccine Introduction).

  На 25.10.2023 година започна вакцинацијата против сезонски грип. Вакцинацијата се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици и/или Здравствените домови. Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку веб страната www.vakcinacija.mk.
  Според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со затворањето на овој извештај, вакцинирани се вкупно 59.170 лица од ризичните категории на населението со бесплатни вакцини.

- Дополнителни 4.500 дози комерцијални вакцини се набавени од страна на Центрите за јавно здравје, како вакцини за останатото население кое не спаѓа во горенаведените групи, истите можат да се добијат за одреден финансиски надомест и се спроведува во Центрите за јавно здравје со нивните Подрачни единици.
  Во однос на комерцијалните вакцини, вакцинирани се 2.618 лица.

**Заклучно со 10-та недела/2024 година, во Р.С. Македонија, вакцинирани се вкупно 61.788 лица со бесплатна или комерцијална вакцина.**

## **ЕВРОПСКИ РЕГИОН**

*Извор: https://erviss.org/

Согласно извештајот на ERVISS објавен за 9-та недела 2024 година за активноста на вирусот на грип низ Европскиот регион на СЗО:

- Стапките на заболувања слични на грип (ИЛИ) и/или акутна респираторна инфекција (АРИ) се покачени над основните нивоа во 19 од 28 земји и области на Европскиот регион на СЗО.
- Иако има варијации во различни земји, на регионално ниво, активноста на вирусот на грипот останува на покачено ниво, а интензитетот постепено се намалува на ниво на регионот. Активноста на SARS-CoV-2 и RSV се намалува во последните 2 месеци.
- На регионално ниво, хоспитализациите и приемите во одделите за интензивна нега поврзани со вирусот на грипот се намалуваат во текот на последниот месец, додека хоспитализациите и приемите во одделите за интензивна нега поврзани со инфекции на SARS-CoV-2 и RSV бележат значително намалување во текот на претходните 2 месеци.
- Од 4.590 материјали обработени од почетокот на сезоната, детектирани се 49% A(H1)pdm09, 49% A(H3) и 2%  B/Victoria.
- Низ регионот, од примероците од пациенти од САРИ надзорот:
    - Процентот на детекција на вирусот на грип е 16% во споредба со 19% во претходната недела.
    - Регистрирани се 294 детекции на инфекција со вирусот на грип од САРИ примероците.
    - Позитивноста за SARS-CoV-2 е 3% во споредба со 4% претходната недела.
    - Позитивноста за RSV е 9% во споредба со 11% во претходната недела.

Од податоците за интензитет, четири земји пријавиле висок интензитет, 16 пријавиле среден, 10 пријавиле низок и 5 пријавиле базичен интензитет.

Од податоците за географската распространетост, 25 пријавиле широка распространетост, 5 - регионална, 5 – спорадична и една земја пријавила дека нема активност на вирусот на грипот.

СЗО ги даде препораките за вакцините против сезонски грип за употреба во сезоната 2024-2025 на северната хемисфера. Се препорачува тривалентната вакцина да содржи:

Вакцини базирани на јајца

- A/Victoria/4897/2022 (H1N1)pdm09-like virus;
- A/Thailand/8/2022 (H3N2)-like virus; и
- B/Austria/1359417/2021 (B/Victoria lineage)-like virus.

Вакцини базирани на клетки или рекомбинирани

- A/Wisconsin/67/2022 (H1N1)pdm09-like virus;
- A/Massachusetts/18/2022 (H3N2)-like virus; и
- B/Austria/1359417/2021 (B/Victoria lineage)-like virus.

Компонентата B/Yamagata lineage треба да се исклучи со оглед на тоа дека веќе не е потребна, но во земјите каде квадривалентните вакцини уште се администрираат, компонентата B/Yamagata lineage треба да остане непроменета - B/Phuket/3073/2013 (B/Yamagata lineage)-like virus.

***Оддел за епидемиологија на заразни болести***
***Институт за јавно здравје***